Digitally signed by Stojan Slaveski
Date: 2018.01.05 10:12:37 CET

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

## НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

## ЗА ПЕРИОД ОД 2018 ДО 2020 ГОДИНА

**Скопје, декември 2017 година**

# 1. ВОВЕД

Стратешкиот план на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (во понатамошниот текст: Дирекцијата) за периодот 2018-2020 година претставува пишан документ во којшто се наведени главните карактеристики на Дирекцијата, вклучувајќи: мисија, визија, задачи и обврски на органот, специфичности на органот, организациската структура, приоритетни цели, анализа на предностите и слабостите, можностите и заканите (SWOT анализа) по функционирањето на органот, осврт на постигнатите резултати во 2016 и во 2017 година. Воедно, во планот се дефинирани и основните програми и активности на Дирекцијата, како и човечките ресурси и финансиските средства што се потребни за нивна реализација.

Стратешкото планирање, како сет од избор на активности, претставува организиран процес на колективни промени коишто опфаќаат цели, ресурси, критериуми за избор, структури, организациони, институционални и персонални односи што ја сочинуваат суштината на овој процес. Стратешкиот план, како основен документ, ги одразува приоритетите, целите и задачите на Дирекцијата за период на временска рамка од три години.

Овој стратешки план ги следи утврдените стратешки приоритети и приоритетни цели на Владата на Република Македонија и претставува водич за сите вработени во Дирекцијата, во однос на исполнување на нивните задачи и обврски. Функцијата на самиот документ имплицира потреба од анализа на програмите, како и мониторинг и евалуација на постигнатите резултати. Оттука се наметнува потреба за идни насоки за следните чекори што треба да се преземат, со цел постигнување на посакуваните резултати на Дирекцијата.

Реализацијата на програмите и активностите што произлегуваат од стратешките приоритети и цели на Дирекцијата ќе овозможат:

- подобар и поефикасен систем за безбедност на класифицираните информации;
- одржување висок степен на безбедносна култура кај корисниците на класифицирани информации;
- подобар ефикасен систем за вршење инспекциски надзор во насока на доследно следење на примената на важечките стандарди за ракување со класифицирани информации од сите аспекти на безбедноста;
- унапредување на степенот на заштита на националните мрежи низ кои се процесираат класифицирани информации по електронски пат и нивна заштита од сајбер напади;
- континуирано следење на безбедносните политики на НАТО и на ЕУ и применување на пропишаните стандарди за ракување со класифицирани информации;
- континуирана соработка со сродните служби на странски држави и меѓународни организации на регионално ниво и пошироко;

- континуирана меѓуинституционална соработка во доменот на безбедноста на класифицираните информации, на безбедносните политики и за спроведување обуки за ракување со класифицирани информации;
- зголемен институционален капацитет на Дирекцијата.

## 2. МИСИЈА

Мисијата на Дирекцијата е спроведување и унапредување на утврдената политика за безбедност на националните класифицирани информации и на странските класифицирани информации отстапени на користење на Република Македонија, спроведување и унапредување на пропишаните национални и меѓународни стандарди за ракување со класифицирани информации, како и реализирање на меѓународната размена на класифицирани информации во согласност со склучените меѓународни договори.

## 3. ВИЗИЈА

Визијата на Дирекцијата е изградба на ефикасен безбедносен систем за заштита на националните и на странските класифицирани информации отстапени на користење на Република Македонија и негово постојано унапредување, воспоставување високо ниво на безбедносна култура и капацитети кај создавачите и кај корисниците на класифицирани информации и интегрирање на Република Македонија, на различни нивоа, во безбедносните структури на НАТО и на ЕУ.

## 4. НАДЛЕЖНОСТИ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Согласно Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 09/2004, 113/2007, 145/2010, 80/2012 и 41/2014), Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации е основана за спроведување на утврдената политика за заштита на класифицираните информации и на меѓународните стандарди, за реализирање на размената на класифицирани информации во согласност со меѓународните договори, за вршење инспекциски надзор на спроведувањето на одредбите од Законот за класифицирани информации и на другите прописи од областа на безбедноста на класифицирани информации, како и за вршење други работи утврдени со Законот.

Оттаму, произлегуваат и надлежностите на Дирекцијата, коишто по својата природа можат да се поделат во три групи:

- надлежности со внатрешна димензија коишто се однесуваат на примената на меѓународните стандарди и норми на национално ниво во размената на класифицирани информации, вклучувајќи и соодветна заштита на примените информации;

- надлежности со надворешна димензија коишто се однесуваат на вршењето контрола на начинот на којшто се чуваат и се заштитуваат класифицираните информации што Република Македонија им ги има отстапено на користење на странски држави и на меѓународни организации, како и надлежностите коишто се однесуваат на учеството на Република Македонија во евроатлантските структури и иницирањето склучување меѓународни договори;
- други надлежности коишто се однесуваат на развивање планови за заштита на класифицирани информации во вонредни состојби, како и обука на корисниците на класифицираните информации преку организирање разни советувања, семинари и одделни консултации.

Подетаљно, Дирекцијата:

- обезбедува континуирано спроведување на меѓународните стандарди и нормативи во преземањето на мерките и активностите за заштита на класифицираните информации;
- врши координација на активностите во обезбедувањето заштита на класифицираните информации со државните органи и институциите коишто вршат размена на класифицирани информации со странски држави и меѓународни организации;
- ги подготвува, ги организира, ги спроведува и го следи спроведувањето на мерките и активностите за обезбедување заштита на класифицирани информации што на Република Македонија и се отстапени на користење од странски држави и од меѓународни организации;
- презема активности за заштита на класифицирани информации отстапени од Република Македонија на странски држави и на меѓународни организации;
- учествува во изработување планови и програми на Република Македонија за членство во меѓународни организации од областа за обезбедување заштита на класифицираните информации;
- планира и остварува меѓународна соработка за заштита и размена на класифицирани информации;
- предлага мерки за унапредување на заштитата на класифицирани информации;
- покренува иницијативи за склучување меѓународни договори со странски држави и меѓународни организации од областа на размената на класифицирани информации;
- покренува иницијативи за донесување безбедносни планови за заштита на класифицирани информации во вонредни состојби;

- ги обучува корисниците на класифицираните информации, како и заинтересираните органи, организации и поединци во Република Македонија;
- врши инспекциски надзор на спроведувањето на одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации и
- врши други работи утврдени со Законот за класифицирани информации и со друг закон.

Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации („Службен весник на РМ“, бр. 113/07) се проширија надлежностите на Дирекцијата во доменот на инспекцискиот надзор и на националните класифицирани информации.

Од 2016 година, согласно Законот за инспекциски надзор на Република Македонија („Службен весник на РМ“, бр. 50/10; 162/10; 157/11; 147/13; 41/14 ; 33/15) Дирекцијата, преку свои овластени инспектори врши инспекциски надзор за спроведување на одредбите од Законот за класифицирани информации, односно на исполнетост на условите за ракување со класифицирани информации во државните органи и органите на државна управа, правосудните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите од значење за заштитата, користењето и меѓународната размена на класифицираните информации и други правни и физички лица.

## 5. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Со стратешката определба на Република Македонија за интеграција во евроатлантските структури и со потпишувањето на Безбедносната спогодба меѓу Република Македонија и НАТО во 1996 година, во рамките на Министерството за одбрана е формирана Служба за реципрочна безбедност за заштита на информации што се разменети меѓу Република Македонија и НАТО. Во март 2002 година со Одлука на Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“, бр. 21/02) е формиран Националниот безбедносен авторитет на Република Македонија во НАТО контекст (НБА) како стручна служба на Владата. Врз основа на позитивните препораки од НАТО за формирање на самостоен орган кој ќе ги спроведува политиките на НАТО за заштита на класифицирани информации како и согласно утврдената потреба за правно-формално регулирање на ракувањето со класифицирани информации во национални рамки, поранешниот НБА во НАТО контекст прерасна во Дирекција за безбедност на класифицирани информации. Со донесувањето на Законот за класифицирани информации на 5 март 2004 година, Дирекцијата стекнува статус на самостоен орган на државната управа со својство на правно лице.

По донесувањето на Законот за класифицирани информации, во ноември 2004 година се донесени Уредбата за административна безбедност на класифицирани информации, Уредбата за физичка безбедност на класифицирани информации и

Уредбата за безбедност на лицата корисници на класифицирани информации, а во март 2005 година се донесени Уредбата за индустриска безбедност на класифицирани информации и Уредбата за информатичка безбедност на класифицирани информации. Во септември 2007 година е донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации со којшто се воспостави целосна контрола не само врз странските туку и врз националните класифицирани информации, односно се постави правна рамка за вршење инспекциски надзор врз сите државни органи и други физички и правни лица.

Со институцијата раководи директор кој го именува Владата на Република Македонија со мандат од 4 години.

Во текот на своето петнаесетгодишно постоење и функционирање, Дирекцијата прерасна во важен орган на државната управа и незаменлива алка во безбедносниот систем на Република Македонија. Нејзината главна улога се темели на спроведување на безбедносната политика за заштита на националните, на НАТО и на ЕУ класифицирани информации.

Тековно, во Дирекцијата се вработени 40 административни службеници, распоредени во 3 сектори и 2 независни одделенија и тоа:

1. Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, за меѓународна соработка и за инспекциски надзор,
2. Сектор за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации,
3. Сектор за информатичка и физичка безбедност и

Одделенија издвоени од секторите:

- Одделение за финансиски прашања
- Одделение за управување и развој на човечки ресурси.

Заради целисходно спроведување на Законот за класифицирани информации, Дирекцијата има воспоставено регистарски систем за размена на национални и на странски класифицирани информации којшто се состои од Централен регистар што се наоѓа во Дирекцијата и регистри и контролни точки формирани во клучните министерства и мисиите на Република Македонија при НАТО и при ЕУ.

Вработените во Дирекцијата во најголем дел се со високо образование и образовни квалификации коишто кореспондираат со безбедносната природа на институцијата.

И покрај потребата од постојано модернизирање на комуникациско-информатичката опрема за ракување и размена на национални и странски класифицирани и некласифицирани информации, Дирекцијата располага со потребните капацитети за да овозможи целосно спроведување на законските одредби од областа на заштитата на класифицирани информации и запазување на минималните стандарди за безбедност.

## 6. СПЕЦИФИЧНОСТИ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Во својство на единствен национален безбедносен авторитет кој се грижи за целосно функционирање на националниот систем за заштита на националните класифицирани информации и како единствена влезна точка за НАТО/ЕУ класифицирани информации, Дирекцијата врши надзор над законитоста во ракувањето со класифицирани информации и укажува на одредени неправилности при создавањето или ракувањето со класифицирани информации. Заради постигнување на горенаведените цели, Дирекцијата редовно ги следи измените во безбедносните политики и директивите на НАТО и на ЕУ во делот на безбедноста на класифицираните информации и истите редовно ги имплементира во своето работење.

Со определбата на Дирекцијата за стратешко развивање на своите технички и човечки капацитети, а во правец на унапредување на целокупниот систем за безбедност на класифицирани информации во Република Македонија, Дирекцијата е фокусирана на континуирана анализа на НАТО и на ЕУ прописите од сите аспекти на безбедност на класифицираните информации и нивна имплементација, не само во Дирекцијата туку и во рамките на целокупниот регистарски систем воспоставен во клучни министерства и органи на државната управа, како и кај други приватни ентитети-создавачи или корисници на класифицирани информации.

Со развојот на комуникациите, информатичката технологија и сѐ поголемата размена на информации во национални и во меѓународни рамки, Дирекцијата се фокусира исто така и на следење на современите трендови на развој и постепено усогласување на своите клучни домени на работа со темпото на развој на современите текови. Оттука, Дирекцијата е концентрирана на развој на соодветни политики и практични алатки за унапредување на системот за издавање безбедносни сертификати, за правилно одредување на степенот на класификација, за процена и управување на ризик на безбедноста, за зајакнување на сајбер безбедноста и подигнување на нивото на безбедносна свест кај корисниците на класифицираните информации. Во таа насока оди и изработката на овој стратешки план којшто ги инкорпорира постојните, но и други пропратни политики за развој на безбедноста на класифицираните информации.

Со цел реализација на надлежностите на Дирекцијата, но и на утврдените развојни политики, Дирекцијата остварува непосредна соработка со бројни институции од државниот и приватниот сектор со особен акцент на соработка со институциите што припаѓаат на безбедносниот сектор на Република Македонија. Исто така, заради имплементирање на НАТО и на ЕУ политиките, Дирекцијата е во редовна комуникација со канцелариите за безбедност на НАТО и на ЕУ, а во доменот на развивање проекти од заемен интерес од областа на безбедноста, Дирекцијата остварува успешна соработка и со ОБСЕ Мисијата во Скопје.

## 7. СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ И СО ЈАВНОСТА

За доследна примена на одредбите од Законот за класифицирани информации и од пропратните подзаконски акти, како и за востановување и одржување на стандардите во доменот на безбедноста на класифицираните информации во администрацијата и во другите правни лица што ракуваат со класифицирани информации, Дирекцијата остварува редовна соработка со државни институции и приватни компании од земјата, учествува во работата на релевантни меѓуинституционални работни тела, спроведува активности од доменот на меѓународната соработка и го запазува принципот на транспарентност во работењето преку информирање на јавноста за прашања од јавен интерес.

### 7.1. Соработка со домашни институции и приватни компании од земјата

Согласно членот 65 од Законот за класифицирани информации, на барање на Дирекцијата, државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, организациите, институциите и други правни и физички лица ѝ даваат информации кои се потребни за извршување на работите од нејзина надлежност.

Соработката со државни институции и приватни компании од земјата се манифестира на различни начини, преку соработка со овластените служби за вршење безбедносни проверки, контакти со овластените лица за спроведување на законските прописи за безбедност на класифицираните информации во институциите и компаниите, давање стручно мислење, насоки и асистенција за правилна примена на националната законска регулатива за класифицирани информации и одржување стручно-консултативни состаноци и брифинзи.

Во делот на безбедноста на лица корисници на класифицирани информации Дирекцијата остварува соработка со безбедносните служби кои согласно членот 50 од Законот за класифицирани информации спроведуваат дел од безбедносните проверки.

Во контекст на соработката со Министерството за надворешни работи, Дирекцијата, во континуитет и по утврдена динамика од Министерството, врши брифинзи со лицата што се именувани за заминување во ДКП-та на Република Македонија и во воена дипломатија како дел од нивните подготовки за дадената функција.

Во својство на Национално тело за акредитација на комуникациско-информатички системи низ кои се пренесуваат класифицирани информации, Дирекцијата врши активности за акредитација на комуникациско-информатички системи низ коишто се процесираат класифицирани информации во органите каде што тие се воспоставени.

Својата активна улога на Национален безбедносен авторитет во развојот на индустриската безбедност во Република Македонија, Дирекцијата ја остварува преку соработка со државните органи што објавуваат класифицирани тендери, со

групации на Стопанската комора на Република Македонија и со приватните компании од земјата. Една од формите на соработка подразбира вклучување на Дирекцијата при подготовката на постапката за објавување класифицирани тендери на државните институции и во процедурите предвидени во тендерските услови, како и во изработката или давање мислења за безбедносните аранжмани при склучување класифицирани договори. Соработката со компаниите вклучува активности за контрола на условите за чување и работа со класифицирани информации и издавање безбедносни сертификати за правни лица за учество на класифицирани тендери и класифицирани национални и меѓународни договори.

Во делот на заштитата на класифицираните информации од аспект на физичката безбедност, Дирекцијата има воспоставено соработка со Институтот за стандардизација на Република Македонија при којашто како национални норми се усвоени европските норми за безбедност на опрема што се користи за заштита на класифицираните информации.

Согласно обврските дадени со закон, Дирекцијата остварува редовна соработка со Инспекцискиот совет на Република Македонија, со Дирекцијата за лични податоци и со Комисијата за заштита на правото на пристап до информации од јавен карактер.

### 7.1.1. Учество во работата на меѓинституционални работни тела и други иницијативи

Како составен дел од административниот апарат на државната управа, Дирекцијата учествува во работата на повеќе меѓуинституционални тела и работни групи.

Со улога на носител на активностите во четвртото поглавје од Акциониот план за членство во НАТО посветено на безбедносната политика, Дирекцијата има редовни ангажмани во Комитетот за интеграција на Република Македонија во НАТО и во експертската работна група на Комитетот за изработка на Годишната национална програма за членство на Република Македонија во НАТО.

Дирекцијата редовно учествува и во работата на Работната група за надворешна безбедносна и одбранбена политика под раководство на Министерството за надворешни работи, со ангажман во изработката на Глава 31 од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) што е во координација на Секретаријатот за европски прашања (СЕП).

Во рамките на подготовките на измените на Законот за следење на комуникациите, Дирекцијата учествува во интерресорската работна група под раководство на Министерството за внатрешни работи за изработка на новиот текст на законот, а во делот на криптозаштитата, има улога на координатор на меѓуинституционалната Работна група за изработување текст на нова Уредба за криптозаштита.

## 7.2. Меѓународна соработка

Имајќи ги предвид стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во однос на евроинтеграциските процеси на земјата, водењето политика за јакнење на меѓународната соработка е еден од приоритетите на Дирекцијата. Во тој контекст, согласно законската надлежност за планирање и остварување меѓународна соработка за заштита и размена на класифицирани информации, Дирекцијата остварува непосредна соработка со националните безбедносни авторитети на земјите од регионот и на земји членки на НАТО и на ЕУ, како и соработка со меѓународни институции на чиишто програми за работа е фокусиран голем дел од надворешната политика на Република Македонија.

Активностите на Дирекцијата во доменот на меѓународната соработка се одвиваат во насока на:

- склучување билатерални спогодби за размена и заемна заштита на класифицирани информации на ниво на Влада преку дејствувањето на делегацијата на Владата на Република Македонија за преговори за склучување билатерални спогодби од доменот на заштитата на класифицираните информации,
- активно учество во иницијативите за соработка на националните безбедносни авторитети на земјите од регионот (Форум за соработка на националните безбедносни авторитети од Југоисточна Европа - SEENSA и Иницијативата за соработка на националните безбедносни авторитети на шест држави од поранешна Југославија - 6S),
- развивање на соработката со надлежните служби на НАТО и на ЕУ коишто ја следат имплементацијата на безбедносната политика во доменот на заштитата на класифицираните информации во Република Македонија,
- развивање на соработката со мисиите и претставништвата на меѓународните институции во Република Македонија преку учество во заеднички проекти и реализација на програми за обуки во земјата и во странство.

## 7.3. Транспарентност

Запазувајќи го начелото на Владата на Република Македонија за транспарентност во работењето, Дирекцијата редовно ја известува јавноста за новините во законската регулатива за класифицирани информации и за реализираните активности на својата веб страница (www.dbki.gov.mk или www.nsa.gov.mk). Притоа, веб страницата редовно се ажурира и збогатува со содржини наменети за корисниците на класифицирани информации со цел нивно запознавање со востановените процедури за ракување со класифицирани информации и олеснување на пристапот до информациите од јавен карактер во сопственост на Дирекцијата. Покрај законските прописи и други релевантни документи, тие содржини вклучуваат правилници, упатства, водичи за класификација и информативни брошури и флаери.

# 8. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ

## 8.1. Имплементација на Законот за класифицирани информации

Дирекцијата е надлежна за имплементацијата на одредбите од Законот за класифицирани информации. Имплементацијата се обезбедува преку надзор врз законитоста на ракувањето со класифицираните информации, давање мислења и консултации, превенција, обуки и постојано информирање на корисниците на класифицираните информации.

### 8.1.1. Инспекциски надзор

За вршење инспекциски надзор во државните органи и органите на државна управа, правосудните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите од значење за заштитата, користењето и меѓународната размена на класифицираните информации и други правни и физички лица, во Дирекцијата, во Секторот за општи и правни работи постои Одделение за инспекциски надзор на безбедноста на класифицирани информации. Согласно Законот за инспекциски надзор, вработените во Одделението се инспектори со лиценца.

Инспекторите вршат надзор во спроведувањето на Законот за класифицирани информации и другите прописи од областа на безбедноста на класифицираните информации и преземаат мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци согласно законските прописи.

Основна функција на Дирекцијата во доменот на инспекцискиот надзор е вршење надзор во согласност со законските прописи и други правни акти со кои се регулирани прашања од сферата на заштита на класифицираните информации и креирањето и спроведувањето на безбедносната политика во согласност со националните и со меѓународните прописи.

### 8.1.2. Превенција и подигање на нивото на безбедносната свест

Сметајќи дека безбедносната свест за работа со класифицирани информации во Република Македонија сè уште е на ниско ниво, Дирекцијата се залага за потенцирање на превентивната улога со постојано давање мислења по интерните акти на субјектите и укажување во случај на неправилност при ракувањето со класифицираните информации. Дирекцијата обезбедува континуирана едукација на овластените лица за спроведување на законските прописи за безбедност на класифицираните информации во институциите и компаниите и на корисниците на класифицирани информации. Подигањето на нивото на безбедносната свест се реализира врз основа на Годишна програма.

## 8.2. Анализа на предностите, слабостите, можностите и ризиците (SWOT анализа)

Со цел согледување на состојбите во Дирекцијата извршена е SWOT анализа како резултат на којашто се утврдени развојните тенденции и приоритети што се дефинирани преку непосредни цели и активности што треба да се имплементираат во референтниот период. За анализата се користени годишните извештаи и годишните планови за работа на Дирекцијата, програмите за работа и извештаите за извршен инспекциски надзор, националните програми и извештаи за остварениот напредок на Република Македонија во евроинтеграциските процеси во доменот на класифицираните информации, вклучувајќи и извештаи од релевантни меѓународни организации, како и други документи на Дирекцијата врзани за реализацијата на тековни активности, програми за обуки и слично.

### 8.2.1. Предности

- Дирекцијата како независна државна институција врши надзор над законитоста на преземените активности за безбедност на класифицираните информации на Република Македонија и класифицирани информации добиени од странски држави и меѓународни организации.

- Целосна усогласеност на националната регулатива за безбедност на класифицирани информации со безбедносните политики на НАТО и на ЕУ.

- Вработените во Дирекцијата се високостручни и соодветно обучени правилно да ракуваат со класифицирани информации и се оспособени за давање обука на надворешни лица кои ракуваат со класифицирани информации.

- Дирекцијата располага со комуникациско-информатички системи за водење евиденција на барања и издадени безбедносни сертификати за пристап до класифицирани информации како и за електронска размена на странски класифицирани информации до степен „Интерно“ како и функционален систем на курирска размена на класифициран материјал.

- Тимско работење е воспоставена пракса во Дирекцијата со оглед дека сите активности што бараат поголеми човечки ресурси, повисок степен на координација и организација се извршуваат по принципот на организирање интерни работни групи. Тимското работење особено е изразено при вршење на инспекциските надзори, контролата на исполнетоста на условите на институциите и приватните фирми за работа и чување на класифицирани информации, како и при подготовка на клучните документи за работа на Дирекцијата.

- Воспоставена е мрежа на овластени лица во институциите каде се ракува со класифицирани информации.

- Преку учество во генерички (општи) обуки и специјализирани обуки во различни области, како и со редовни интерни обуки, вработените во Дирекцијата редовно ги освежуваат знаењата од областа на класифицираните информации и од други области значајни за унапредување на секојдневната работа.

- Воспоставен е систем на едукации и обуки за овластените лица и за корисниците на класифицирани информации. Обуката се испорачува од страна на вработените во Дирекцијата, во форма на брифинзи, работилници, семинари и индивидуална обука.

### 8.2.2. Слабости

- Недоволен буџет, кој се определува од Министерството за финансии по даден предлог од страна на Дирекцијата. Алоцираните средства вообичаено ги задоволуваат потребите за основно функционирање на институцијата, но сепак истите се недоволни за посериозен развој на институционалните човечки, материјални и технички капацитети, како и за осовременување и модернизирање на уредите за ракување со класифицирани информации.
- Немање на соодветен кадар за одредени позиции од областа на правните, економските и информатичките науки.
- Заради недоволно развиената свест за безбедност на класифицирани информации кај корисниците на класифицирани информации во услови на брз развој на технологијата се зголемуваат ризиците за злоупотреба на класифицираните информации, а потребата за побрза размена на класифицирани информации е ограничена согласно степенот на класификација.
- Недостиг на специјализирани програми на обуки особено од меѓународен карактер преку кои вработените би стекнале меѓународна пракса и би донеле компаративни знаења и вештини потребни за унапредување на институционалните капацитети.
- Неусогласеност на дел од материјалните закони во определени области со Законот за класифицирани информации како последица на нивно донесување пред донесувањето на Законот за класифицирани информации.

### 8.2.3. Можности

- Членството во НАТО и започнувањето преговори за членство во ЕУ ќе овозможи позначителен развој на институцијата, ќе допринесе за поголема размена на НАТО и на ЕУ класифицирани информации и за унапредување на постојните институционални капацитети.
- Поголем пристап до ЕУ фондовите и НАТО програмите за развој преку изработување и реализирање проекти од областа на заштита на класифицирани информации.
- Потпишување билатерални договори за размена и заемна заштита на класифицирани информации со други земји.
- Подобра обука на корисниците на класифицирани информации за заштитата на класифицираните информации.

- Подобрување на функционалноста на воспоставениот курирски систем за размена на национални и странски класифицирани информации.

- Развој на софтверски решенија за побрзо, поефикасно и поефективно извршување на работните процеси во Дирекцијата.

- Унапредување на институционалниот капацитет на Дирекцијата преку учество во програми за обуки во земјата и странство во доменот на безбедноста и одбраната.

### 8.2.4. Ризици

- Недоволно познавање и несоодветна примена на мерките и активностите за безбедност на класифицирани информации од страна на корисниците, што може да доведе до нарушување на безбедноста на класифицираните информации.

- Застарување на софтверските решенија или дефект на опремата преку којашто се процесираат класифицирани информации.

- Недоволно развиена безбедносна свест кај лицата кои ракуваат со класифицирани информации заради ризик од неовластен пристап и нарушување на безбедноста на класифицираните информации.

- Неправилна и нецелосно спроведена проценка на степенот на класификација што доведува до зголемен обем на документи со повисока класификација од реалната, со што директно се влијае на зголемениот број поднесени барања за добивање безбедносни сертификати и непотребно трошење на ресурсите на институциите.

- Неисполнети препораки или корективни мерки за утврдени неправилности по извршен инспекциски надзор.

- Одлив на веќе обучени кадри од Дирекцијата за чијашто замена треба да се вложат дополнителни ресурси.

# 9. ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ

## 9.1. Остварени резултати во 2016 година

Согласно приоритетите за работа за 2016 година и делокругот на надлежности, Дирекцијата ги донесе годишните документи за работа на институцијата за 2016 година т.е. Годишниот извештај на Дирекцијата, Годишниот табеларен план, Годишниот наративен план и Годишната програма за вршење на инспекциски надзор како и месечните планови за вршење на инспекциски надзор. Сите горенаведени документи беа поднесени на разгледување и одобрување до Владата на Република Македонија. Со поднесувањето на соодветната

документација до Генералниот Секретаријат на Владата на Република Македонија, Дирекцијата на годишно ниво известува за реализираните активности во изминатата извештајна година и информира за планираните активности за развој на институцијата.

Конкретно, во 2016 година, постигнати се следните резултати:

- формирана е работна група во рамките на Дирекцијата со цел изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации;
- обновени се интерните акти сврзани со процените на ризик на класифицираните информации, Планот за архивски знаци за распоредување на актите за 2017 година, Листата на архивска граѓа од трајна вредност за 2017 година, Листата на документарен материјал со рокови за негово чување за 2017 година и Правилникот за формата и содржината на обрасците на безбедносниот прашалник и безбедносните сертификати;
- беше реактивирана работната група за криптозаштита задолжена за изработка на Уредба за криптозаштита;
- со целосна финансиска поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и експертиза од Националниот безбедносен авторитет на Република Словенија, беше изготвена „Методологија за процена на ризик за информатичка безбедност“;
- беше изработен и поднесен апликативен проектен пакет до СЕП за добивање грант од страна на Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка за развивање на националните капацитети за поефикасна обработка на класифицирани информации од областа на персоналната безбедност;
- беше донесен нов Правилник за систематизација на работните места целосно прилагоден на системот HRMIS на Министерството за информатичко општество и администрација;
- одделението за вршење инспекциски надзор беше целосно операционализирано т.е. покрај основните работни документи (годишни и месечни работни планови), беа изработени чек листи за исполнетост на услови за работа со класифицирани информации и одделението започна со вршење инспекциски надзор над имателите на класифицирани информации;
- беше формирано Одделението за управување и развој со човечки ресурси;
- беа реализирани 4 нови вработувања на административни службеници по пат на спогодбено преземање од Генералниот секретаријат на Владата на РМ и рамковниот договор;
- беа изработени барања за оперативна безбедносна проверка, беа издадени национални, НАТО и ЕУ сертификати и изводи од НАТО и ЕУ безбедносни сертификати;

- беа изготвени решенија за одбивање на барањата за издавање безбедносни сертификати и решенија за престанок на важноста на безбедносните сертификати;
- беа примени и обработени значителен број НАТО класифицирани и некласифицирани информации и помал број ЕУ класифицирани и некласифицирани информации;
- беше извршена безбедносна акредитација на комуникациско-информатичките системи за пренос на класифицирани информации на неколку државни институции и беше започната безбедносна акредитација во неколку други институции;
- со помош на ТЕМПЕСТ тимот од Националниот безбедносен авторитет на Босна и Херцеговина беа извршени ТЕМПЕСТ мерења и зонирање на значајните објекти на Министерството за внатрешни работи на територија на Република Македонија;
- беше извршена надградба на криптографскиот софтвер и хардвер, потребен за функционирање на регистарскиот систем за размена на НАТО класифициран информации;
- беа примени, обработени и издадени безбедносни сертификати за правни лица;
- беа извршени значителен број инспекциски надзори над државни и приватни ентитети за утврдување на степенот на исполнетост на условите за ракување со класифицирани информации;
- Дирекцијата со свои претставници учествуваше на Шестата конференција на SEENSA (форум на националните безбедносни авторитети на земјите од југоисточна Европа);
- во рамките на 6S иницијативата за соработка меѓу националните безбедносни авторитети на шест поранешни југословенски републики, Дирекцијата беше организатор и домаќин на првата работилница од доменот на персоналната безбедност, а во септември 2016 година беше реализирано учество на мултилатерален експертски состанок во Крањ, Словенија во контекст на истата иницијатива;
- беше реализирано учество на годишната конференција на Мултинационалната работна група за индустриска безбедност (MISWG);
- беа потпишани спогодби за размена и заемна заштита на класифицирани информации со Италија и Романија;
- беше остварена интензивна соработка на лидерско и експертско ниво со НБА на Луксембург и Словенија во насока на продлабочување на соработката помеѓу партнерските институции;
- Дирекцијата учествуваше во работилници, семинари и студиски посети а организираше и експертски мисии спонзорирани целосно од TAIEX

инструментот на Европската комисија. Конкретно, две експертски мисии и една работилница беа реализирани во Скопје и три студиски посети во Естонија, во Италија и во Чешка. Воедно, Дирекцијата оствaруваше соработка со службите на НАТО и на ЕУ во врска со учеството во програми за НАТО/ЕУ обуки. Во тој контекст, беше реализирано учество на втората фаза од обуката за „Заедничка надворешна безбедносна политика и сајбер безбедност - Програма 5: ЗНБП и сајбер безбедност (поглавја 24 и 31 од НПАА)", како и учество во Програмата за обука за Заедничка безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) за земјите од Процесот на стабилизација и асоцијација за 2016 година. Исто така, претставници на Дирекцијата реализираа учество на повеќе обуки за ЕУ интеграција во рамките на твининг проектот „Понатамошно зајакнување на организациските и институционалните капацитети за процесот на европската интеграција", во организација на СЕП. Во НАТО контекст, претставници на Дирекцијата посетуваа обуки и во рамките на Индивидуалната програма за партнерство и соработка (IPCP), вклучувајќи ги и програмите на НАТО Колеџот во Рим и на НАТО школата во Оберамергау. Воедно, во текот на годината продолжи и соработката со Канцеларијата за соработка во одбраната (ODC) на Американската амбасада во Скопје во врска со обуките во Маршал центарот во Гармиш;

- согласно планот за обуки, како и по барање на корисниците на класифицирани информации или по утврдена потреба од страна на Дирекцијата, беа организирани обуки и брифинзи за корисниците на класифицирани информации, претставници од ДКП, воената дипломатија, студенти од високо-образовни установи и за овластените лица на Дирекцијата.

## 9.2. Остварени резултати во 2017 година

Во 2017 година, согласно планираното со Годишниот план за работа, Дирекцијата ги оствари следните резултати:

- спроведена е процедурата за уништување на класифицираните документи во Дирекцијата, согласно планот за архивски знаци на Дирекцијата;
- давање стручна помош на корисниците на класифицирани информации во спроведување на мерките за безбедност на класифицирани информации, по извршен инспекциски надзор;
- стручна помош во спроведување на мерките за физичка безбедност во Министерството за надворешни работи, како резултат на НАТО инспекцијата во регистарот при Министерството;
- со цел спроведување на мерките од уредбата за физичка безбедност, организирани се консултативни состаноци со повеќе органи на државната управа и приватни компании, и тоа со: Полк за специјални операции,

Агенција за странски инвестиции, Народна банка на РМ, Државен завод за ревизија, Стопанска комора на РМ и Таргетс;

- со цел спроведување на обврската за сертифицирање на правните лица, корисници на класифицирани информации, направени се надзори во повеќе приватни компании и тоа: Таргетс, Телкаб, Димал секјурити, Кернел, СА композити, Арсенал, Микеи интернационал, Специјална опрема и Урбан инженеринг;
- спроведени се процедурите за издавање национални, НАТО и ЕУ безбедносни сертификати во соработка со безбедносните служби надлежни за вршење на безбедносните проверки за лица корисници на класифицирани информации;
- спроведени се процедурите за издавање дозволи за пристап на странски лица до национални класифицирани информации;
- извршени се брифинзи на овластените лица и други корисници на класифицирани информации, како и подготвителни безбедносни брифинзи со лицата што се упатуваат на работа во ДКП-та на Република Македонија;
- давани се експертски насоки и консултации во постапки сврзани со безбедноста на класифицираните информации со домашни и странски компании коишто учествуваат во класифицирани договори или тендери;
- континуиран прием и обработка на странски и национални класифицирани/ некласифицирани документи;
- реализирани се преговори со Националниот безбедносен авторитет на Големото Војводство Луксембург за склучување билатерална спогодба за размена и заемна заштита на класифицирани информации;
- остварени се контакти со сродните служби од регионот и пошироко за соработка по прашања од заемен интерес;
- реализирано е учество во форумите за соработка на националните безбедносни авторитети од регионален и меѓународен карактер (SEENSA, 6S, MISWG);
- реализирани се настани од доменот на безбедноста на класифицираните информации (студиски посети, работилници, експертски мисии) со поддршка на TAIEX инструментот на Европската комисија;
- остварена соработка со претставништвата на меѓународните организации во земјата и со невладиниот сектор со цел влегување во заеднички проекти за унапредување на институционалните капацитети на Дирекцијата;
- реализирано е учество во програми за обука (програма за обуки од доменот за заедничката безбедносна и одбранбена политика на ЕУ, обуки во Маршал центарот во Гармиш, НАТО обуки во Школата во Оберамергау и во рамките на IPCP);

- спроведени се активности сврзани со обука на корисниците на класифицирани информации и контрола на условите во овој домен на безбедноста на класифицираните информации;
- реализирано е учество во меѓуинституционалните работни тела за изработување стратешки документи и усогласување релевантни закони;
- извршени се инспекциски надзори над државни и приватни ентитети за утврдување на степенот на исполнетост на условите за ракување со класифицирани информации;
- беше извршена безбедносна акредитација на комуникациско-информатичките системи за пренос на класифицирани информации на неколку државни институции и беше започната безбедносна акредитација во неколку други институции;
- со помош на ТЕМПЕСТ тимот од Националниот безбедносен авторитет на Босна и Херцеговина беа извршени ТЕМПЕСТ мерења и зонирање на објекти на Народна банка на Република Македонија и Агенцијата за разузнавање;
- согласно записникот од НАТО инспекцијата во тек е надградба на системот за обработка на НАТО класифицирани информации, потребен за функционирање на регистарскиот систем за размена и обработка на НАТО класифициран информации;
- со помош на TAIEX инструментот беше одржана работилница за улогата на националниот безбедносен авторитет во CERT (Computer Emergency Response Team).

## 10. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Дирекцијата за наредниот период ги постави следните стратешки цели:

1. Обезбедување ефикасен систем за заштита на класифицираните информации
2. Континуирана хармонизација на легислативата за заштита на класифицираните информации
3. Изготвување програма за подигање на нивото на безбедносната свест
4. Зголемено учество во меѓународната соработка
5. Подобра соработка со безбедносните служби, со органите на државната управа и со приватниот сектор

## 10.1. СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1

### 10.1.1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЕФИКАСЕН СИСТЕМ ЗА ЗАШТИТА НА КЛАСИФИЦИРАНИТЕ ИНФОРМАЦИИ

Обезбедувањето ефикасен систем за заштита на класифицираните информации и неговото постојано унапредување овозможува безбедна размена на класифицирани информации и непречено функционирање на институциите и другите правните лица корисници на класифицирани информации.

**Конкретни цели:**

#### 10.1.1.1. Подигање на нивото на соработката со овластените лица

Континуирана и интензивирана соработка со овластените лица за спроведување на законските прописи за безбедност на класифицираните информации во институциите и компаниите дава позитивни резултати и придонесува за соодветна примена на мерките и активностите за безбедност на класифицирани информации од страна на овластените лица и корисниците на класифицирани информации.

#### 10.1.1.2. Подобрување на ефикасноста на инспекцискиот надзор

Со зголемување на бројот на инспекциските надзори расте и нивото на превенција од евентуални штети предизвикани од секаков вид на незаконски пристап и ракување со класифицирани информации, а во случај на предизвикани штети, навременото преземање мерки и санкции придонесува за намалување или отстранување на последиците од незаконско ракување со класифицирани информации. Тоа придонесува кон афирмација на авторитетот на Дирекцијата како национален безбедносен авторитет којшто со воспоставување на солиден национален систем за заштита на класифицираните информации, обезбедува соодветна заштита и на странските класифицирани информации што се отстапени на користење на Република Македонија.

#### 10.1.1.3. Воедначеност во примената на прописите за заштита на класифицираните информации

Во функција на обезбедување единствен пристап и примена на Законот за класифицирани информации, Дирекцијата изработува соодветни упатства, насоки, водичи и други помошни пишани инструменти во врска со одредени констатирани состојби.

#### 10.1.1.4. Зајакнување на улогата на овластените лица

Со Законот за класифицирани информации е воведено определување на овластено лице во државните органи, организациите, институциите и другите правни лица за ефикасно и координирано извршување на правата и обврските кои се однесуваат на класифицираните информации. Со воведувањето на оваа обврска во голема мера се обезбедува примена на регулативата наменета за оваа област. Преку измени и дополнување на Законот за класифицирани информации со проширување на конкретни права и должности на овластените лица, Дирекцијата ја зајакнува нивната улога во спроведување на мерките и активностите за безбедност на класифицирани информации.

#### 10.1.1.5. Подобрување на ефикасноста и унапредување на работата на регистрите за класифицирани информации

Позицијата на Дирекцијата во однос на спроведувањето на националната безбедносна политика за класифицирани информации се зајакнува преку регистрите за класифицирани информации лоцирани во министерствата и во други државни органи. Постојаните обуки со вработените во регистрите и редовните контакти меѓу Дирекцијата и регистрите придонесуваат за приближување на мерките и активностите за заштита на класифицирани информации до крајните корисници.

#### 10.1.1.6. Безбедносна акредитација на комуникациско-информатичките системи

Безбедносната акредитација на комуникациско-информатичките системи е значаен процес во обезбедување ефикасен систем за заштита на класифицирани информации во делот на информатичката безбедност. За таа цел Дирекцијата продолжува да го интензивира процесот на безбедносна акредитација во сите државни институции и приватни компании каде што се процесираат класифицирани информации во електронска форма. Заштитата од електромагнетно зрачење (ТЕМПЕСТ) се наметнува како значаен сегмент од процесот на безбедносна акредитација на комуникациско-информатичките системи, со цел да се одредат оптималните безбедносни мерки за заштита на класифицираните информации во електронска форма. Во таа насока Дирекцијата продолжува во напорите за набавка на опрема потребна за мерење на електормагнетните зрачења на системите, со што би се подигнало нивото на безбедност на класифицираните информации.

#### 10.1.1.7. Сајбер безбедност и подигање на нивото на свест во оваа област

Во последните неколку години сајбер безбедноста се наметнува како една од „најжешките“ теми, како во областа на заштитата на класифицираните информации, така и воопшто во општеството. Во таа насока, Дирекцијата сериозно

продолжува да работи на подигање на нивото на безбедност во сајбер просторот. Планирано е да се земе активно учество во креирање на Националната стратегија за сајбер безбедност на Република Македонија, промени во законските и подзаконските решенија за заштита на класифицирани информации, подигање на нивото на свест на корисниците на класифицирани информации за тековните сајбер закани преку обуки, едукација, семинари, вебинари, промотивни материјали и слично.

## 10.2. СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2

### 10.2.1. КОНТИНУИРАНА ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КЛАСИФИЦИРАНИТЕ ИНФОРМАЦИИ

Хармонизацијата на легислативата за заштита на класифицирани информации се одвива во две насоки: на национално и на меѓународно ниво. На национално ниво, Дирекцијата презема активности и учествува во координации со државни органи и институции од земјата за усогласување на законската регулатива за безбедност на класифицирани информации со материјалните закони од разни области. На меѓународно ниво, почитувајќи ги стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Македонија за евроинтеграција, Дирекцијата има обврска да ја следи усогласеноста на националните стандарди за безбедност на класифицирани информации со стандардите на НАТО и на ЕУ.

**Конкретни цели:**

#### 10.2.1.1. Донесување измени и дополнувања на Законот за класифицирани информации

Со цел следење на меѓународни текови и регулативи, а особено заради претстојните измени на прописите што ја регулираат работата со класифицираните информации и досегашните искуства од областа на класифицираните информации се наметнува потребата од измени и дополнување на постојниот Закон за класифицирани информации како и на постојните уредби кои произлегуваат од него.

#### 10.2.1.2. Хармонизација на националната легислатива во одделни области со документите на НАТО и ЕУ, и користење на добрите практики на земјите членки на НАТО и ЕУ

Со оглед на тоа дека постојните законски прописи што ја уредуваат материјата за заштита на класифицирани информации се целосно во согласност со НАТО и ЕУ политиките за безбедност на информациите, Дирекцијата продолжува со следење

на новите регулативи на НАТО и ЕУ што ја третираат безбедноста на класифицираните информации.

Во тој контекст, а по претходно усогласување со другите сродни законски прописи, Дирекцијата ги имплементира решенијата од ревидираните регулативи што произлегуваат од основните безбедносни регулативи на НАТО и на ЕУ.

Имајќи предвид дека се работи за сложена и чувствителна материја, потребно е и развивање на соодветни практики на земјите членки на ЕУ и НАТО, кои за себе имаат богата практична примена на прописите од областа на класифицираните информации.

#### 10.2.1.3. Вклучување на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во процесот на креирање политики и донесување прописи

Преку учество во меѓуинституционалните работни тела за изработување стратешки документи, Дирекцијата влијае на процесот на креирање политики на национално ниво. Преку својата активна улога во процесот на изработка на прописите што ја регулираат безбедноста на класифицираните информации во Република Македонија, како и преку давање мислења на интерните нацрт-акти на институциите коишто вклучуваат прашања од доменот на безбедноста на класифицираните информации, Дирекцијата има влијание и на квалитетот на постојната легислатива и на нејзиното усогласување.

#### 10.2.1.4. Унапредување и усогласување на подзаконски акти

Дирекцијата како надлежен орган во согласност со Законот за класифицирани информации подготвува правилници и упатства со коишто се доуредуваат сите области на безбедност на класифицирани информации.

## 10.3. СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3

### 10.3.1. ИЗГОТВУВАЊЕ ПРОГРАМА ЗА ПОДИГАЊЕ НА НИВОТО НА БЕЗБЕДНОСНАТА СВЕСТ

Со програмата за подигање на нивото на безбедносната свест се овозможува препознавање на потенцијалните закани и способности и се предвидуваат безбедносните ризици од аспект на безбедноста на класифицираните информации.

Дирекцијата редовно ја следи и надградува програмата со содржини со цел да ги вклучи сите актуелни закани и слабости.

**Конкретни цели:**

### 10.3.1.1. Поддршка од раководните структури

Преку давање приоритет на активностите за подигање на нивото на безбедносната свест, соодветна организациска структура, алокација на финансиски средства за програмата и мотивирање и наградување може да се изгради современ, стручен и мотивиран кадар кој ќе одговори на своите обврски и надлежности.

### 10.3.1.2. Обуки и едукација на корисниците на класифицирани информации

Преку спроведување обука и едукација од страна на Дирекцијата мерките за подигање на безбедносната свест се дизајнираат за да се промени однесувањето или да се зајакнат добрите безбедносни практики. Дирекцијата во соработка со образовните институции е вклучена во процесот на едукација со цел градење знаења и вештини од областа на класифицираните информации.

### 10.3.1.3. Безбедносни политики и процедури

Дирекцијата како надлежен орган учествува во изработка на безбедносни политики и процедури коишто треба да опфатат разновидни активности низ целата организација, вклучувајќи ги сите аспекти на безбедноста.

### 10.3.1.4. Средства за комуникација

Дирекцијата работи на подигање на нивото на безбедносната свест преку спроведување кампања преку изработка на промотивни материјали коишто ги сензибилизираат корисниците на класифицирани информации, но и овозможуваат отстранување или ублажување на надворешни или внатрешни ризици и закани.

## 10.4. СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4

### 10.4.1. ЗГОЛЕМЕНО УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

Согласно законските надлежности, Дирекцијата ги интензивира активностите за континуирано развивање на меѓународната соработка во доменот на класифицираните информации преку активно учество во билатерални, регионални и мултилатерални иницијативи за соработка, како и преку создавање правна основа за влегување во соработка со други држави во чувствителни области сврзани со безбедноста и одбраната.

**Конкретни цели:**

### 10.4.1.1. Активно учество на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во регионалните форуми на соработка

Ценејќи го значењето на соработката со сродни служби на билатерално, на регионално и на меѓународно ниво во развојот и примената на стандардите и процедурите за заштита на класифицираните информации, Дирекцијата останува доследна на своите заложби за активно учество во иницијативите за соработка на националните безбедносни авторитети на земјите од регионот (SEENSA и 6S).

### 10.4.1.2. Организирање и учество во регионални и меѓународни настани од доменот на заштитата на класифицираните информации

Во размената на домашни и странски искуства, освен што зема учество, Дирекцијата е активна и како организатор на меѓународни експертски средби, работилници, конференции и на друг вид на настани од доменот на ракувањето со класифицирани информации во Република Македонија.

## 10.5. СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5

## 10.5.1. ПОДОБРА СОРАБОТКА СО БЕЗБЕДНОСНИТЕ СЛУЖБИ, СО ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА И СО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

**Конкретни цели:**

### 10.5.1.1. Соработка со безбедносните служби

Дирекцијата активно соработува со безбедносните служби во насока на имплементирање на безбедносните политики за безбедност на класифицирани информации. Конкретно, од областа на безбедноста на лица корисници на класифицирани информации, воспоставена е интензивна двонасочна комуникација со надлежните безбедносни служби во доменот на вршење безбедносни проверки за физички и за правни лица за издавање безбедносни сертификати. Во однос на процената на заканите, Дирекцијата е во перманентна координација со секој од имателите на комуникациско-информатички системи со цел изготвување пишани документи - процена на ризиците. Воедно, преку редовно меѓусебно брифирање, информирање и организирање на заеднички настани од безбедносна природа, Дирекцијата во спрега со другите безбедносни органи придонесува кон подигање на безбедносната свест.

### 10.5.1.2. Соработка со органите на државната управа

За извршување на работите од својата законска надлежност, Дирекцијата соработува со органите на државната управа, согласно Законот за класифицирани информации. Како значајна алка од националниот безбедносен систем, Дирекцијата е вклучена во меѓуинституционални проекти и активности чијашто цел е зголемување на институционалните капацитети на Република Македонија за реализација на утврдените евроинтегративни процеси и за стекнување полноправно членство во НАТО и во ЕУ.

### 10.5.1.3. Соработка со приватниот сектор

Дирекцијата согласно ингеренциите што произлегуваат од Законот за класифицирани информации и потребите на приватниот сектор дава мислења, помага во реализација на класифицирани договори во Република Македонија и во странство.

## 11. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

При подготовката на овој стратешки план направени се и определени согледувања околу финансирањето, целите и определени активности на Дирекцијата.

Како основен и единствен извор на финансирање е Буџетот на Република Македонија за финансирање на основната дејност на Дирекцијата каде наменски се обезбедуваат средствата на годишна основа.

Дирекцијата како орган на државната управа и буџетски корисник на буџетски програми работи според принцип на трезорско работење, со доставување на предлог-буџетот за секоја календарска година, а во согласност со претходно добиени препораки од Министерството за финансии за рамките во коишто треба да се креира буџетот. По усвојувањето на буџетот, Дирекцијата донесува финансиски планови за негова распределба и извршување по квартали.

Средствата согласно динамиката на активности ќе се планираат стратешки за период од наредни три години, односно на принципот на среднорочно тригодишно планирање каде средствата за наредната година ќе бидат целосно планирани, а за наредните две години ќе бидат изработени проекции.

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации со Министерството за финансии тековно ќе ги следи и ќе ги планира потребите, обезбедувањето и трошењето на средствата.

**в.д. ДИРЕКТОР**
**Стојан Славески**